**Универзитет „Свети Кирил и Методиј“**

# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## ПОСЕТА НА КОМПАНИИ ОД СТРАНСТВО

На 26 јуни 2008, Машинскиот факултет го посети висока делегација од потенцијални странски инвеститори во РМ за компанијата **GRUNDFOS**, производител на индустриски пумпи. При посетата беше организирана работилница на која во присуство на претставници од Министерството за странски инвестиции при Владата на РМ беше претставен Машинскиот факултет. Гостите го изразија својот интерес за соработка во согласност со плановите на компанијата за проширување во регионот.

## СОРАБОТКА СО JOHNSON CONTROLS

Првата недела од јуни, директорот за иновации на Џонсон Контролс, д-р Јан Тунисен ги проследи презентациите на студентите чии дипломски работи се однесуваат на конструктивни проблеми од областа на ентериерите за возила. Исто така, беше избрана четвртата генерација од 14 стипендисти на Џонсон Контролс, така што оваа стипендиска програма во моментов брои 65 стипендисти од четири генерации.

## РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА ТЕМПУС ПРОЕКТ

Во рамките на Темпус проектот МС-ИНД, се одржа вториот состанок на конзорциумот, на кој присуствуваа партнерите од Универзитетот за применети науки во Ахен, Универзитетот во Марибор, Џонсон Контролс и Филипс, како и партнерите од домашната индустрија. На состанокот се реализира интензивна соработка сврзана за подготовка на материјалите за настава на постипломските студии.

## ПОСЕТА CEEPUS ПРОГРАМА

Во рамките на CEEPUS програмата, во периодот 26мај - 2 јуни 2008 на МФ престојуваа професори од Техничкиот универзитет во Краков, Полска, при што одржаа предавања од областа на компјутерски интегрирани производни процеси.

Во рамките на истата програма, во периодот 9-16 јуни 2008, CEEPUS мобилности реализираа и професори од Универзитетот во Риека, Хрватска и Универзитетот во Зволен, Словачка, кои одржаа предавања од областите: алатки за оптимизација на технолошките процеси и невронски мрежи применети при проектирање на термички процеси.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Студентите од 8-ми семестар на насоката Мехатроника на МФ реализираа теренска настава на Техничкиот универзитет во Софија, Бугарија, во периодот 28-30 мај 2008, при што ги посетија лабораториите на Универзитетот од нивни интерес и посетија повеќе успешни компании со автоматизирани производства. Координатор на теренската настава беше Проф.д-р Мицкоски.



## ИНФОРМАЦИЈА

На ден 21.06.2008 година, како прилог во дневниот весник УТРИНСКИ ВЕСНИК излезе конкурсот за запишување на нови студенти на УКИМ во академската 2008/09 година. Според истиот пријавувањето за првиот рок е на 25 и 26 август. Конкурсот може да се види на www.ukim.edu.mk

## ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН

Во рамките на конференцијата на Инженерската асоцијација на Македонија, а под покровителство на претседателот Бранко Црвенковски на ден 4.06.2008 год. во Охрид, на светото место Плаошник се изврши доделување на инженерскиот прстен на најдобрите дипломци од техничките факултети. Најдобриот дипломец од МФС кој доби прстен е Бојан Јованоски.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***



## Отсуства во мај 2008

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец јуни 2008 год остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска во рамки на активностите за реализација на научноистражувачки проект оствари службени патувања и престој на Машинските факултети во Ниш, Белград, Нови Сад и Суботица, Р. Србија и Машинскиот факултет во Марибор во Р.Словенија.

2. Проф. д-р Илија Петровски реализира службеното патувањето во Русија, заради учество во стручни разговори помеѓу преставниците на РЕК "Битола"-Битола и Подољскиот завод од Русија.

3. Доц. д-р Глигорче Вртаноски заради присуство на состанок организиран од Светската организација за интелектуална соспственост "WIPO" реализира службени патувања во Германија и Унагарија.

4. Проф. д-р Јован Гочев со цел да присуствува на приемот на опремата за ХЕЦ"Св. Петка" реализира службено патување во Р. Австрија и Р. Чешка.

5. Проф. д-р Марко Серафимов реализира службено патување во Софија, Р. Бугарија каде што во својство на предавач одржа циклус предавања на Меѓународна школа за средина во објектите (Build Environment) .

6. Проф. д-р Предраг Поповски заради учество на Меѓународната конференција за чиста енергија реализира службено патување во Сараево, Босна и Херцеговина.

7. Вон проф. д-р Алекса Малчески во својство на водител на репрезентацијата на Македонија на Регионалната олимпијада по математика за ученици до 15,5 години реализира службено патување во Крагуевац, Р.Србија.

8. Вон. проф д-р Радмил Поленаковиќ, со цел да учествува на 3-та Меѓународна конференција за масовна кустомизација во средна Европа MCP-CE реализира службено патување во Палич, Р.Србија..

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**10.07.2008**
**44 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2008, јуни, број 72**

***ФАКУЛТЕТСКИ***
***ИНФОРМАТОР***

## ИЗЛОЖБА НА СТУДЕНТИТЕ ОД ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

Студентите од насоката индустриски дизајн при Машинскиот факултет од Скопје ги изложија своите трудови, изработени во рамките на наставата во текот на учебната 2007/2008 година. Оваа година, во соработка со факултетот за ликовна уметност, изложбата под наслов "Технологијата како инспирација" беше поставена почнувајќи од 24.06.2008 год во изложбениот салон во Сули Ан, во старата скопска чаршија. Изложбата ја отвори дизајн директорот на Џонсон Контролс Андреас Маасхоф. Тој со големо задоволство разговараше со младите автори за нивните дела. На свеченоста присуствуваа и гости од Техничкиот универзитет во Ахен, Германија и ликовната академија од Марибор, Словенија, кои се наши соработници на Темпус проектот за развивање на постдипломски студии по индустриски дизајн и маркетинг. Изложбата ќе трае до 01.07.2008 година.

